Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut

**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство** | **Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave**

Сектор за управување со претпристапни фондови на ЕУ за рурален развој (ИПАРД)

07 мај, 2027

Архивски број: 20-4599/2

07.05.2026
1401 33/2

Врз основа на поглавје IX, Член 15 од Деловникот за работа на Комитетот за следење на ИПАРД, усвоен на 14 март 2023 година, Комитетот за следење на ИПАРД III, ги донесе следниве:

## ОДЛУКИ И ЗАКЛУЧОЦИ
### од седмиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД III

Во врска со точка 1 од дневниот ред: „Усвојување на предлог дневниот ред за седмиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД III", Комитетот ја донесе следната одлука:
**Одлука бр. 1: Комитетот за следење на ИПАРД III го усвои Дневниот ред за седмиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД III.**

Во врска со точка 2 од дневниот ред: „Информација за усвојување на записникот од претходниот, шести состанок на Комитетот за следење на ИПАРД III одржан на 10[ти] декември 2025", Комитетот ја донесе следната одлука:
**Одлука бр. 2: Комитетот за следење на ИПАРД III го разгледа и усвои записникот од претходниот, шести состанок на Комитетот за следење на ИПАРД III.**

Во врска со точка 3 од дневниот ред: „Информација за назначување на нови членови ", Комитетот го донесе следниот заклучок:
**Заклучок бр. 1: Комитетот за следење на ИПАРД III се информираше во однос на назначувањето на нови членови на Комитетот за следење на ИПАРД III.**

Во врска со точка 4 од дневниот ред: „Информација за спроведување на одлуките донесени на претходниот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД III", Комитетот го донесе следниот заклучок:
**Заклучок бр. 2: Комитетот за следење на ИПАРД III се информираше во однос на одлуките/заклучоците усвоени на претходниот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД III.**

Во врска со точка 5 од дневниот ред: „Информација во однос на Комитет за следење на ИПА", Комитетот го донесе следниот заклучок:
**Заклучок бр. 3: Комитетот за следење на ИПАРД III се информираше во однос на Комитетот за следење на ИПА.**

Во врска со точка 6 од дневниот ред: „Информација за спроведување на ИПАРД во сите земји", Комитетот го донесе следниот заклучок:
**Заклучок бр. 4: Комитетот за следење на ИПАРД III се информираше за спроведувањето на ИПАРД во сите земји.**

Во врска со точка 7 од дневниот ред: „Состојба со спроведување на ИПАРД Програмата 2021-2027", потточка 7(а): „Општи информации за спроведување на мерките на програмата врз база на показатели за следење и табели", Комитетот го донесе следниот заклучок:
**Заклучок бр. 5: Комитетот за следење на ИПАРД III ги разгледа и се информираше за општите информации за спроведување на мерките од програмата врз база на показатели за следење и табели.**

Во врска со потточка 7(б) од дневниот ред: „Напредок во процесот на обработка на барањата од јавните повици 01/2024, 02/2024 и 01/2025 од ИПАРД Програмата 2021-

2027 (потребно време за одобрување на барања, склучување на договори и исплата на барања, резиме на процесот на рангирање, анализа на причини за одбивање)", Комитетот го донесе следниот заклучок:
**Заклучок бр. 6: Комитетот за следење на ИПАРД III се информираше во однос на процесот на обработка на барањата од јавните повици 01/2024, 02/2024 и 01/2025 од ИПАРД Програмата 2021-2027 (потребно време за одобрување на барања, склучување на договори и исплата на барања, резиме на процесот на рангирање, анализа на причини за одбивање).**

Во врска со потточка 7(в) од дневниот ред: „План на активности и повици во 2026 година (вклучувајќи и акциски план за подобрување на искористеност)", Комитетот го донесе следниот заклучок:
**Заклучок бр. 7: Комитетот за следење на ИПАРД III се информираше во однос на планот на активности и повици во 2026 година (вклучувајќи и акциски план за подобрување на искористеност).**

Во врска со потточка 7(г) од дневниот ред: „Информација за состојбата со акредитација на мерките од ИПАРД Програмата 2021-2027)", Комитетот го донесе следниот заклучок:
**Заклучок бр. 8: Комитетот за следење на ИПАРД III се информираше во однос на состојбата со акредитација на мерките од ИПАРД Програмата 2021-2027.**

Во врска со точка 8 од дневниот ред: „Дискусија/одобрување на модификација на ИПАРД Програмата, модификација на финансиските табели во Програмата", Комитетот ја донесе следната одлука:
**Одлука бр. 3: Комитетот за следење на ИПАРД го разгледа и усвои предлогот за 3та модификација на ИПАРД Програмата 2021-2027 и го задолжи Телото за управување со ИПАРД да ја достави до службите на Европската Комисија.**

Во врска со точка 9 од дневниот ред: „Информација за функционирање на системот за управување и контрола и финансиско спроведување на ИПАРД, вклучително и заработената камата", Комитетот го донесе следниот заклучок:
**Заклучок бр. 9: Комитетот за следење на ИПАРД III се информираше за функционирање на системот за управување и контрола и финансиско спроведување на ИПАРД, вклучително и заработената камата.**

Во врска со точка 10 од дневниот ред: „Информација за контролите, направените ревизии, следењето на превземените активности и годишен ревизорски извештај", Комитетот го донесе следниот заклучок:
**Заклучок бр. 10: Комитетот за следење на ИПАРД III се информираше во однос на контролите, направените ревизии, следењето на превземените активности и годишниот ревизорски извештај.**

Во врска со точка 11 од дневниот ред: „План за видливост и комуникација", потточка 11(а): „Преглед на активности од годишниот акциски план за комуникација и публицитет за 2026 година", Комитетот го донесе следниот заклучок:
**Заклучок бр. 11: Комитетот за следење на ИПАРД III се информираше за активностите за комуникација и публицитет во 2026 година.**

Во врска со точка 12 од дневниот ред: „Преглед на спроведување на Планот за евалуација на ИПАРД Програмата 2021-2027", Комитетот го донесе следниот заклучок:
**Заклучок бр. 12: Комитетот за следење на ИПАРД III се информираше за Планот за евалуација на ИПАРД Програмата 2021-2027.**

Во врска со точка 13 од дневниот ред: „Активности за техничка помош", потточка 13(а): „Преглед на реализација на активности од АПТА 2026", Комитетот го донесе следниот заклучок:

**Заклучок бр. 13: Комитетот за следење на ИПАРД III се информираше за активности од мерката техничка помош, односно АПТА-та за 2026 година.**

Во врска со точка 14 од дневниот ред: „Дискусија/одобрување на Годишен извештај за спроведување на ИПАРД Програмата 2021-2027", Комитетот го донесе следниот заклучок:

**Заклучок бр. 14: Комитетот за следење на ИПАРД III се информираше за состојбата со подготовка и достава на Годишниот извештај за спроведување на ИПАРД Програмата 2021-2027 за 2025 година.**

***Борче Серафимовски***
***Претседавач на Комитет за следење на ИПАРД III***

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJËRAVE
СКОПЈЕ-SHKUP
1

Изработил: Јасмина Хаџибулиќ
Контролирал: Виктор Младеновски
Согласен: Живко Брајковски